Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 42-4269/1
20.06.2014 година
Скопје

ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СКОПЈЕ

Врз основа на членот 91, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, што го утврди на седницата, одржана на 20.06.2014 година.

За претставник на Владата на Република Македонија во Собранието е определен Никола Тодоров, министер за здравство, а за повереници Стојанчо Стојковски, државен советник во Министерството за здравство и Татјана Васиќ Бозаџиева, државен советник во Министерството за здравство.

ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА
м-р Зоран Ставрески

Подготвил: м-р Александра Дранговска
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Митра Спасовска
Одобрил: Кирил Божиновски

ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Македонија

ПРЕТСТАВНИК: Никола Тодоров, министер за здравство

ПОВЕРЕНИЦИ: Стојанчо Стојковски, државен советник во Министерството за здравство

Татјана Васиќ Бозаџиева, државен советник во Министерството за здравство

# П Р Е Д Л О Г - З А К О Н
за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување

Скопје, јуни 2014 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со членот 34 од Законот за здравственото осигурување (Службен весник на Република Македонија бр. 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014 и 44/2014), се утврдуваат различни основи за ослободување од учеството на осигурените лица со лични средства при користењето на здравствените услуги и лековите.

Со измените и дополнувањата на Законот за здравственото осигурување се дава законски основ за ослободување од учество со лични средства на доброволните дарители на крв, ткиво или орган, при користењето на здравствените услуги и лековите.

Со предложените законски измени се дава законски основ за ослободување од учество при користењето на здравствените услуги и лековите на крводарителите како и на доброволните дарители на ткиво или орган.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со овој предлог закон се дава законски основ за ослободување од учество со лични средства на доброволните дарители на крв, ткиво или орган, при користењето на здравствените услуги и лековите.

Законот чие донесување се предлага се заснова на истите начела на кои се заснова Законот за здравственото осигурување.

Законот ги содржи и основните решенија на измените и дополнувањата кои се содржани во Предлог законот.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Со предложеното изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување се повлекува обврска за обезбедување средства за негово спроведување од Буџетот на Република Македонија согласно програми во рамки на средствата од сопствените приходи на Министерството за здравство.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлог законот не повлекува обврска за обезбедување дополнителни финансиски средства за неговото спроведување од Буџетот на Република.

Предлог законот не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

# ПРЕДЛОГ - ЗАКОН
## за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување

Член 1

Во Законот за здравственото осигурување (,,Службен весник на Република Македонија”, број 25/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 6/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14 и 44/14 ) во член 34 став 1 во алинејата 4 сврзникот „и“ се заменува со точка и запирка.

По алинејата 4 се додаваат две нови алинеи 5 и 6, кои гласат:

„- осигурени лица кои доброволно дарувале крв, според програмата која се однесува на доброволното дарување на крв, донесена согласно Законот за здравствената заштита;

- осигурени лица кои доброволно дарувале ткиво или орган и“.

По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Средствата за ослободување од учеството утврдено во став 1 алинеја 6 на овој член, на здравствената установа ги надоместува Министерството за здравство од програмата која се однесува на доброволното дарување на ткиво или орган, донесена согласно Законот за здравствената заштита.“

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

1. Со членот 1 од Предлогот на Законот се дава законски основ за ослободување од учество со лични средства на доброволните дарители на крв, ткиво или орган, при користењето на здравствените услуги и лековите.

2. Членот 2 е завршна одредба.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани со основните решенија содржани во Законот за здравственото осигурување.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со овој предлог закон се дава законски основ за ослободување од учество со лични средства на доброволните дарители на крв, ткиво или орган, при користењето на здравствените услуги и лековите.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ
на Законот за здравственото осигурување
(„Службен весник на Република Македонија" бр.25/00, 34/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 06/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14 и 44/14 ) што се менуваат и дополнуваат

Ослободување од учество

Член 34

Од учеството утврдено во член 32 на овој закон се ослободуваат:

- осигурените лица за лекарски преглед кај избраниот лекар и итна медицинска помош на повик;
- децата со посебни потреби, според прописите за социјална заштита;
- корисници на постојана парична помош, лицата сместени во установи за социјална заштита и во друго семејство, според прописите за социјална заштита, освен за лековите од листата на лекови издадени на рецепт во примарната здравствена заштита и за лекувањето во странство;
- душевно болни лица сместени во психијатирски болници и ментално ретардирани лица без родителска грижа и
- осигурените лица кои во текот на една календарска година платиле учество во специјалистичко-консултативната и болничката здравствена заштита, освен за лековите од листата на лекови издадени на рецепт во примарната здравствена заштита и за лекувањето во странство, во износ повисок од 70% од просечната остварена месечна плата во Републиката во претходната година.

За осигурените лица кои остваруваат месечен приход во семејството помал од просечната плата во Републиката во претходната година, како и за одредени возрасни групи, Фондот со општ акт, на кој министерот за здравство дава согласност, ќе определи понизок износ за ослободување од плаќање на партиципација од износот утврден во став 1 алинеја 4 на овој член.

Надлежниот државен орган, кој е обврзник за пресметка и уплата на придонесот за задолжително здравствено осигурување, на здравствената установа и ги надоместува средствата за ослободување од учеството утврдено во ставот 1 алинеи 2, 3 и 4 од овој член.